Transition Assistance and Institutional Building
(IPA Component I) National Programme 2011

# Local Integration of Refugees, Internally Displaced Persons and Minority Groups

*Contract No.: 12-8715/1*

**ПИЛОТ ПРОГРАМА**

**за**

**ОБУКА ЗА ЗАДОВОЛУВАЊЕ НА ПОБАРУВАНИТЕ ЗАНИМАЊА НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ КАЈ ВЕРИФИКУВАНИ СПРОВЕДУВАЧИ НА ОБУКА ЗА РОМИ БЕГАЛЦИ**

**во насока на поддршка на Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2016 годин**

*Date 03/2016*

This project is funded by the European Union

The project is implemented in a consortium led by eptisa

**ПИЛОТ ПРОГРАМА**

**за**

**ОБУКА ЗА ЗАДОВОЛУВАЊЕ НА ПОБАРУВАНИТЕ ЗАНИМАЊА НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ КАЈ ВЕРИФИКУВАНИ СПРОВЕДУВАЧИ НА ОБУКА ЗА РОМИ БЕГАЛЦИ**

***во насока на поддршка на Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2016 годин***

март, 2016 година

***„Оваа пилот програма е подржана со поддршка на Европската унија. Содржината на оваа пилот програма е целосна одговорност на ЕПТИСА и во никој случај не ги рефлектира ставовите на Европската унија.“***

# КОНТРОЛЕН ЛИСТ НА ПРОЕКТОТ

| | |
|---|---|
| **Име на проектот:** | Локална интеграција на бегалците, внатрешно раселените лица и малцинските групи |
| **Референтен број:** | EuropeAid/136616/IH/SER/MK |
| **Договорна страна:** | Сектор за централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД), Министерство за финансии, Република Македонија |
| **Корисници на проектот:** | • Министерство за труд и социјална политика (МТСП);<br>• Кабинет на министер без портфолио<br>• Секретариат за европски прашања (СЕП)<br>• Ромски информативни центри (РИЦ);<br>• Национално координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата и Декадата за Ромите;<br>• Единици на локална самоуправа;<br>• Агенција за вработување;<br>• Невладини организации со искуства во областите на инклузија на Ромите, бегалците и внатрешно раселените лица |
| **Консултант:** | Ептиса во конзорциум CARE, МЦМС и Ромскиот образовен фонд (РЕФ) |
| **Извештај:** | Пилот програма “Обука за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот кај верификувани спроведувачи на обука за Роми бегалци” – Излезен резултат број 36 |
| **Проектна активност:** | Активноста 3.4 “Поддршка на Агенцијата за вработување во процесот на идентификација и селекција на максимум 30 бегалци и внатешно раселени лица за обука/и за занимања кои се побарувани на пазарот на трудот” |
| **Резултати на проектот:**[1] | 36. Развој на програма за обука на максимум 30 селектирани учесници |

[1]Во согласност со нумерирање на резултатите во поглавјето 12 од Почетниот извештај за проектот

# КЛУЧНИ ДОГОВОРНИ ДЕТАЛИ

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Име на програмот:** | Асистенција за транзиција и институционално јакнење (IPA компонента I) | | |
| **Име на проектот:** | Локална интеграција на бегалците, внатрешно раселените лица и малцинските групи | | |
| **Референтен број:** | EuropeAid/136616/IH/SER/MK | | |
| **Број на договор:** | 12-8715/1 | | |
| **Времетраење на проектот:** | 18 месеци | | |
| **Почеток на проектот:** | 11 јануари 2016 | | |
| **Завршеток на проектот:** | 11 јули 2017 | | |
| ***Име:*** | Министерство за труд и социјална политика (МТСП)<br>……………………… | Сектор за централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД), Министерство за финансии<br>……………………… | Ептиса Југоисточна Европа доо<br>…………………….. |
| ***Улога:*** | *Корисник* | *Договорна страна* | *Изведувач на работите* |
| ***Адреса:*** | Даме Груев 14 | Даме Груев 12 | Орце Николов 74 |
| ***Телефон:*** | +389 2 3106 224 | +389 2 3255 404 | +389 2 311 99 07 |
| ***Факс:*** | +389 2 3106 224 | +389 2 3255 374 | +389 2 311 99 89 |
| ***Е-маил:*** | MKamberi@mtsp.gov.mk | Radica.Koceva@finance.gov.mk | bpetak@eptisa.com |
| ***Контакт лице:*** | Мабера Камбери | Радица Коцева | Бојан Петак |
| **Општа цел:** | Да се подобрат капацитетите на државната администрација за зајакнување и поддршка на процесите на локална интеграција и вклучување на раселени лица резиденти и/или нерезиденти (бегалци или внатрешно раселени) и малцински групи (Роми), како и да се зголеми оддржливоста на нивната доверба. | | |
| **Специфична цел:** | Да придонесе кон подобрувањето на пристапот на Ромите бегалци и внатрешно раселените лица до сеопфатни услуги пружени од државните институции, зголемување на самостојноста преку учеството и вклучувањето во општеството, како и подобрување на квалитетот на животот и пристапот до правата и услугите за социјално вклучување на Ромите, Ашкалиите и Египќаните во земјата. | | |
| **Очекувани резултати:** | <u>Компонента 1: Поддршка во имплементацијата на национални и локални јавни политики за вклучување на Ромите:</u><br>o Имплементиран план за обука за градење на капацитети на релевантните институции за разбој локални акциони планови (ЛАП) во рамките на имплементацијата на Стратегијата и Декадата за Ромите.<br>o Подобрен капацитет за сите релевантни засегнати страни за имплементација на Стратегијата и Декадата на Ромите.<br>o Имплементирани локални акциони планови за Ромите. | | |

| | |
|---|---|
| | <u>Компонента 2: Зајакнување на институционалните капацитети и пристапот до пазарот на трудот за бегалците и внатрешно раселените лица:</u><br>o Зголемен капацитетот на државните институции и креатори на политики за спроведување на политики за интеграција и олеснување на пристапот до услугите.<br>o Постигната економска одржливост.<br>o Зголемена вработливост.<br>o Стекнати искуства и најдобри практики во областа на интеграцијата на бегалците. |
| **Клучни активности:** | <u>Компонента 1: Поддршка во имплементацијата на национални и локални јавни политики за вклучување на Ромите:</u>:<br>• Активност 1: Поддршка на националната институционална структура на Стратегијата за Роми и Декадата за вклучување на Ромите<br>• Активност 2: Поддршка на локалната институционална структура за креирање и имплементација на политики за Ромите<br><u>Компонента 2: Зајакнување на институционалните капацитети и пристапот до пазарот на трудот за бегалците и внатрешно раселените лица</u><br>• Активност 3: Зајакнување на институционалните капацитети и пристап до пазарот на трудот за бегалците и внатрешно раселените лица |
| **Клучни корисници:** | • Одделение за имплементација на Стратегијата за Ромите, МТСП<br>• Одделение за миграција, азил и хуманитарна помош, МТСП |
| **Целни групи:** | • МТСП (Одделение за имплементација на Стратегијата за Ромите и Одделение за миграција, азил и хуманитарна помош<br>• Кабинет на Министер без ресор<br>• Национално координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата и Декадата за Ромите<br>• Единиците на локалната самоуправа<br>• Агенцијата за вработување<br>• Невладините организации активни на полето на икклузија на Ромите, бегалците и внатрешно раселените лица |

# СОДРЖИНА

ЦЕЛ НА ДОКУМЕНТОТ .......... 8

ЦЕЛНА ГРУПА .......... 8

ПРОЕКТ “ЛОКАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА НА БЕГАЛЦИТЕ, ВНАТРЕШНО РАСЕЛЕНИТЕ ЛИЦА И МАЛЦИНСКИТЕ ГРУПИ” .......... 9

СТРУКТУРА НА ПИЛОТ ПРОГРАМАТА .......... 10

Чекор 1. Промоција на можностите за обука кај целната група .......... 10

Чекор 2. Профилирање на професионалните и образовните капацитети на заинтересираните кандидати .......... 11

Чекор 3. Обука за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот кај верификувани спроведувачи на обука .......... 11

3.1. Генерални информации .......... 12

3.2. Реализација на обуките .......... 13

3.3. Проверување на стекнатите знаења на кандидатите вклучени во обуката .......... 14

3.4. Издавање на сертификат .......... 14

# АКРОНИМИ

| | |
|---|---|
| АВРМ | Агенција за вработување на Република Македонија |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| РБЦС | Регионален бизнис центар Скопје |
| УНДП | Програма за развој на Обединетите нации |
| УНХЦР | Висок Комесаријат за бегалци на Обединетите нации |
| ЦВ | Центар за вработување |
| ЦОВ | Центар за образование на возрасни |

## ЦЕЛ НА ДОКУМЕНТОТ

Овој документ има за цел да обезбеди детален приказ на методологијата, активностите и чекорите што Агенцијата за вработување на Република Македонија (АВРМ) со своите центри за вработување, Министерството за труд и социјална политика (МТСП), Центарот за образование на возрасни (ЦОВ), Високиот Комесаријат за бегалци на Обединетите нации – УНХЦР со својот партнер Регионалниот бизнис центар Скопје (РБЦС), Програмата за развој на Обединетите нации – УНДП, Црвениот Крст на Град Скопје и ЕПТИСА во конзорциум со CARE, Македонскиот центар за меѓународна соработка и Ромскиот образовен фонд заеднички ќе ги првеземат за операционализирање на обуките предвидени во Пилот програмата за Обука за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот кај верификувани спроведувачи на Роми бегалци.

Оперативните упатства ги утврдуваат критериумите и постапките кои треба да се исполнат за реализација на пилот програмата, со цел обезбедување на транспарентност во процесот и јасен преглед на улогите и обврските на сите вклучени партнер институции и организации. Правилата што треба да се применуваат при секој чекор од реализацијата на активностите се соодветно наведени.

Овој документ придонесува кон имплементација на Компонентата 2 ("Јакнење на капацитетите на институциите и пристапот на пазарот на трудот за бегалците и внатрешно раселените лица") на пректот "Локална интеграција на бегалците, внатрешно раселените лица и малцинските групи". Истиот претставува излезен резултат бр.36 предвиден во рамките на Активноста 3.4 ("Поддршка на Агенцијата за вработување во процесот на идентификација и селекција на максимум 30 бегалци и внатешно раселени лица за обука/и за занимања кои се побарувани на пазарот на трудот").

## ЦЕЛНА ГРУПА

Обуките за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот кај верификувани спроведувачи на обуки ќе бидат насочени кон максимум 30 Роми бегалци од Косовската криза во најголем процент населени во општина Шуто Оризари[2], кои имаат регулиран статус во Република Македонија[3], но не се нејзини државјани, па од тие причини, во времето на развојот на оваа програма, не се во можност да ги користат Активните мерки за вработувањеод Оперативниот План за вработување на Владата за 2016 година. Критериумите за влез во обуката ќе бидат дополнително утврдени, по завршувањето на процесот на идентификација и профилирање, со тоа што доколку наодите на терен дозволуваат фокусот ќе биде кон младите

---

*[2]Согласно податоците на УНХЦР, од декември 2015 година, во земјата има 678 Роми бегалци од Косово од кои 495 се под субсидијарна заштита додека 18 лица се со статус на признаен бегалец кои во најголем број живеат во општина Шуто Оризари*

*[3]Признаен бегалец или лице под супсидијарна заштита кои правото на работа го остваруваат согласно чл. 56 и чл. 60 од Законот за азил и привремена заштита и прописите за вработување и работа на странци.*

лица до 29 години, жените, самохраните родители, долгорочно невработените лица и други посебно ранливи категории.Предност во пристапот до програма ќе имаат бегалците кои се формално регистрирани за локална интеграција во Центарот за интеграција за што може да се издаде потврда.

Доколку се утврди дека не постои интерес кај примарната целна група (Роми бегалци населени во општина Шуто Оризари) за учество во обуката или пак неможе да се постигне горенаведената целна бројка на лица кои треба да се обучат, во координација со Министерството за труд и социјална политика, утврдено е дека како секундарни целни групи може да се јават и внатрешно раселените Роми населени во Радуша и Роми[4], државјани на РМ од општина Шуто Оризари[5].

Забелешка: Согласно Програмата за интеграција која се усвојува на годишно ниво треба да се има во предвид дека бегалците кои се формално регистрирани и влезени во процесот на локална интеграција добиваат финансиска помош за домување. Вклученоста и редовноста на обуките на оние бегалци кои добиваат финансиска помош за домување ќе бидат нотирани како позитивен чекор во нивните програми за интеграција.

## ПРОЕКТ "ЛОКАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА НА БЕГАЛЦИТЕ, ВНАТРЕШНО РАСЕЛЕНИТЕ ЛИЦА И МАЛЦИНСКИТЕ ГРУПИ"

Проектот "Локална интеграција на бегалците, внатрешно раселените лица и малцинските групи"е поддржан од Европската Унија и е имплементиран од страна на ЕПТИСА во конзорциум со CARE, Македонскиот Центар за Меѓународна Соработка – МЦМС и Ромскиот Образовен Фонд. Истиот има за цел да ги зајакне капацитетите на државната аминистрација на национално и локално ниво за поуспешна пооддршка на локалните процеси на интеграција и инклузија на Ромите, Ромите бегалци и внатрешно раселени лица.

Во период од година и половина (јануари 2016 - јули 2017), со проектот ќе се адресираат некои од клучните причини за социјална исклученост на Ромите, Ромите бегалци и внатрешно раселени лица, вклучувајќи ја и невработеноста и финансиската несигурност на Ромите бегалци, истовремено развивајќи ги капацитетите на сите партнери вклучени во проектот за подобрување на процесите на инклузија на Ромите.

Имајќија предвид неможноста Ромите бегалци да се вклучат во Актвините мерки и програми за вработување, поради не исполнувањето на еден од двата клучни критериуми завлез во Активните мерки за вработување од Владиниот Оперативен План – да се има државјанство на

[4]*Фокусот ќе биде, но не ограничувачки, кон Роми државјани на РМ кои се во брачна или вонбрачна врска со Роми бегалци од Косово со цел овозможување на индиректна помош на бегалците и членовите на нивните семејства преку унапредување на положбата на пазарот на трудот на нивните сопружници или партнери*

[5]*И други општини во Скопје со висок процент на ромско население*

РМ , Министерството за труд и социјална политика и ЕПТИСА, во рамките на Проектот“Локална интеграција на бегалците, внатрешно раселените лица и малцинските групи”поддржан од Европската Унија во *пилот фазата* ќе се поддржи обучување за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот кај верификувани спроведувачи на максимум 30 Роми бегалциод општина Шуто Оризари. Средствата за реализација на обуката ќе се предвидат во рамките Споредните трошоци[6]од буџетот на Проектот“Локална интеграција на бегалците, внатрешно раселените лица и малцинските групи” .

## СТРУКТУРА НА ПИЛОТ ПРОГРАМАТА

Пилот пограмата за Обука за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот кај верификувани спроведувачи за Роми бегалци се состои од следниве чекори:

### Чекор 1. Промоција на можностите за обука кај целната група

Со цел зголемување на заинтересираноста и популарноста на пилот програмата за Обука за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот кај верификувани спроведувачи за Роми бегалци, тимот на ЕПТИСА (Тим лидер, клучен консултант, помлад не-клучен консултат за вработување) во соработка со Центарот за интеграција на Министерството за труд и социјална политика, Регионалниот бизнис центар Скопје, Црвениот Крст на Град Скопје, тренерот и менторот за вработување од Услугата 6.7 од ОП 2016 година, Ромскиот информативен центар и ромските и не-ромските невладини организации од општина Шуто Оизари ќе остварат непосредна комуникација со целната група на терен– преку директни средби, преку средби во Центарот за вработување, Центрот за социјална работа, средби во просториите на Ромски и други невладини организации, средби во просториите на Црвениот Крст на Град Скопје – центарот во Шуто Оризари, средби во просториите на општините, Ромските информативни центри и слично.

ЕПТИСА ќе ги користи човечките, просторните и финансиските ресурси на Ромскиот Информативен Центар во општината Шуто Оризари[7] и локалните ромски невладини организации и канцеларијата во Шуто Оризари на Црвениот Крст на Град Скопје, кои работат на полето на инклузија на Ромите бегалци, со тоа што нивната работа ќе биде дополнета со експертите на ЕПТИСА, претставниците на Центарот за интеграција на МТСП, претставници на Регионалниот бизнис центар Скопје (партнер на УНХЦР), тренерот именторот за работување од Услугата 6.7 чија имплементација е под супервизија на УНДП, како и со активна вклученост на претставниците од Центарот за вработување во насока на соодветно информирање и мотивирање на заинтересираните кандидати.

[6] *Incidental expenses of the project budget (споредни трошоци од буџетот)*

[7] *РИЦ се воспоставени во 12 општини во РМ:Скопје (Шуто Оризари и Чаир (Топаана)), Битола, Прилеп, Куманово, Тетово, Гостивар, Делчево, Берово, Штип, Кочани и Виница*

Тимот на ЕПТИСА редовно ќе комуницира со претставниците на локалната самоуправа, координаторите за еднакви можности при локалните самоуправи, центрите за социјална работа, невладините организации и сите останати заинтересирани субјекти со цел координирано пренесување на информацијата за пилот програмата до сите потенцијални учесници. Промотивните активности ќе се реализираат на локално ниво користејќи ги расположливите медиуми.

**Чекор 2. Профилирање на професионалните и образовните капацитети на заинтересираните кандидати**

Заради селекција на најсоодветните кандидати и намалување на можноста за откажување од обуката, на сите заинтересирани кандидати – Роми бегалци идентификувани со поддршка на сите наведени институции/организации во Чекор 1, во соработка со УНДП, ќе им се обезбеди дополнителна помош и поддршка од страна на тренерот и менторот за вработување од општина Шуто Оризари преку изработка на анализа на професионалните можности.

Врз основа на изработената анализа и резултатите од истата, тимот на ЕПТИСА, во координација со Центарот за интегрција, ќе направи листа на Роми бегалци кои располагаат со валидна лична работна дозвола[8] на кои ќе им биде овозможена Обука за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот кај верификувани спроведувачи. Првите рангирани лица[9], согласно наодите на менторот за вработување ќе бидат упатени на обука, додека останатите лица ќе бидат дел од резервната листа, и ќе бидат повикани во случај на откажување или повлекување од обуката на прворангираните.

Копии од прашалниците со кои се спроведени индивидуалните анализи ќе се достават до МТСП - Центар за интеграција како дел од индивидуални планови за итеграција.

**Чекор 3. Обука за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот кај верификувани спроведувачи на обука**

Обуката има за цел да ја зголеми вработливоста на невработените Роми бегалци[10]преку стекнување знаења и вештини за занимања барани на пазарот на трудот и истата ќе ја спроведуваат верификувани спроведувачи на обуки (верификувани компании, стопански комори, занаетчиски комори).

[8]*Истата е неопходна за посетување на практичниот дел на обуката. На заинтересираните лица кои не поседуваат лична работна дозвола, Центарот за интеграција согласно своите надлежности ќе им ја даде потребната подршка за навремено поднесување на барање и документација до АВРМ.*

[9]*Максимум 30 лица*

[10]*Или на внатрешно раселените Роми или Роми државјани на РМ – во случај да нема доволен интерес или не се исполнуваат критериумите за влез во Програмата од страна на примарната целна група Роми бегалци од косовската криза.*

Тимот на ЕПТИСА, во координација со менторот и тренерот за вработување, ќе изврши селекција на занимања согласно пројавен интерес за учество во обуката и расположиви спроведувачи на обука од регистарот на ЦОВ. ЕПТИСА ќе направи селекција на спроведувачите на обука за реализација на процесот на обуки,согласно изборот на најдобрата понуда, при што ќе бидат наведени правата и обврските на секоја од страните кои учествуваат во овој процес.

Програмата за обука ќе се реализира во период од четири месеци кај верификувани спроведувачи на обука, при што еден месец ќе се изведува во реални услови кај работодавачи во случај кога спроведувачи на обука се стопански комори или занаетчиски комори.

По успешно завршување на обуката учесниците ќе добијат сертификат за стекнатите знаења, кој ќе биде внесен во индивидуалното досие на евидентираното невработено лице.

### 3.1. Генерални информации

Обуката ќе овозможи стекнување вештини и знаења за занимања барани на пазарот на трудот, утврдени од повеќе извори (податоци за локалниот пазар на труд, Анализата на потребите од вештини на пазарот на трудот, анкета спроведена од страна на организациите на работодавачи, стопанските комори и локалната власт) и расположиви верификувани спроведувачи на обукаод регистарот на ЦОВ.

Критериумот за учество во обуката за секое од занимањата, од аспект на потребното претходно образовнониво, ќе биде дефиниран со програмите за обука и претходно споделен со тимот на ЕПТИСА, менторот и тренерот за вработување на УНДП со цел избор на соодветните кандидати од групата на заинтересираните.

Спроведувачите на обука ќе добијат максимум 30.000,00 денари паричен надомест по обучено лице. Лицата вклучени во обуките ќе добијат месечен надомест од 6.200,00 денари, со вклучен персонален данок на доходи осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување. Средствата за организација на обуката (надоместокот за спроведувачот на обуката и месечните надоместоци за храна и превоз за учесниците на обуката) ќе се обезбедат од Споредните трошоци (incidental expenditures) од буџетот наПроектот“Локална интеграција на бегалците, внатрешно раселените лица и малцинските групи”кој е поддржан од Европската Унија.

Лицата кои ќе се вклучат во обуката, а истовремено се и приматели на социјална помош, не го губат правото на истата во периодот на 4 месеци додека се реализира обуката, за кое време ќе добиваат месечен надоместок од 6200,00 денари (бруто) за храна и превоз. Истото ќе биде утврдено од страна на МТСП во Правилник за изменување и дополнувањенаправилникотзаначинотнаутврдувањенасостојбатанаприходите, имотот и имотните права на домаќинството, определувањето на носителот на правото и потребната

документација за остварување и користење на правото на социјална парична помош или со Инструкција или со друг соодветен документ.

Центарот за интеграција ќе има обврска со допис да ги извести надлежните Центри за социјална работа за овој приход и ќе врши мониторинг на овој процес и на реализацијата на обуката. Исто така, Центарот за интеграција со допис ќе го информира Секторот за азил во МВР дека лицето треба да започне со обука за преквалификација или доквалификација.

Обуката ќе се реализира во период од 3 месеци, а по завршување на обуката, кандидатите ќе изведуваат практична работа во реалниуслови кај работодавачи во времетраење од 1 месец. По завршување на периодот планиран за практичнаработа, лицата треба да добијат потврда за реализирана практична работа кај работодавач.

По успешно завршената обука невработеното лице ќе се стекне со соодветен сертификат за реализиранатаобука.

**3.2. Реализација на обуките**

Обуката ќе се реализира во период од 3 месеци, а по завршување на обуката, кандидатите ќе изведуваат практична работа во реални услови кај работодавачи во времетраењеод 1 месец, доколку како спроведувачи на обуките се стопански комори или занаетчиски комори. Доколку како спроведувачи на обуките се верификувани компании (работодавачи), обуката може да се реализира во период од 3 месеци, а практична работа во реални услови во времетраењеод 1 месец кај истата приватна компанија (работодавач).

Спроведувачите на обука доставуваат месечен извештај за редовност на кандидатите до ЕПТИСА, врз основа на кои се врши исплата на предвидените средства за редовните кандидатите[11] и за спроведувачите на обука. Исплатата на средствата ќе се врши напочетокот на следниот месец за деновите обука поминати во минатиот месец врз основа на месечните извештаи за редовноста на кандидатите доставени до ЕПТИСА од страна на спроведувачите на обуката.

На кандидатите кои не го исполнуваат условот за редовност на месечно ниво, им се прекинува обуката, не го добиваат надоместокот за храна и превоз и немаат право понатаму истата да ја посетуваат и да полагаат. За време на обуките се врши посета/мониторинг од страна на тимот на ЕПТИСА, а по можност и на вработените во Центарот за вработување Скопје. За откажувањето на кандидатот тимот на ЕПТИСА го информира Одделението за миграции, азил и хуманитарна помош при Министерството за труд и социјална политика.

---

[11] *Редовен кандидат е лице кое има минимум 70% посетеност на обуките на месечнониво*

### 3.3. Проверување на стекнатите знаења на кандидатите вклучени во обуката

По завршувањето на обуките, секој од кандидатите кои го исполнува условот за минимум 70% учество на предвидените часови обука и прикаже добиена потврда за реализирана практична обука во реалниу слови може да добие сертификат за успешно завршена обука. Проверката на знаењата на кандидатите вклучени во обуката се врши од страна на спроведувачот на обуките согласно Законот за образование на возрасни.

### 3.4. Издавање на сертификат

Кандидатите кој успешно ќе ги завршат сите фази на обуката добиваат сертификат.



This EU funded project is implemented in a consortium led by Eptisa Southeast Europe doo